АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE - SHKUP

Примено / Pranuar: 21. 11. 2019			
Орг. единица Njësia org.	Број Numër	Прилог Shtesë	Вредност Vlerë
10	5094	1	

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговско радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија;

3. **Период опфатен со надзорот:** 16 октомври 2019 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 ноември 2019 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија" бр. 172/14);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор врз програмскиот сервис на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, емитуван на 16 октомври 2019 година, на локално ниво, **е констатирано прекршување на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица.**

Спротивно на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица (*временски периоди за емитување на категориите програми во зависност од очекуваниот состав на публиката*), во периодот на надзорот, играните филмови „*Тајната на викендичката*", „*Нејзина мала работа*" и „*Максимална казна*" - соодветно беа обележани со предупредувачка сигнализација за програма од – Трета категорија (12+), но беа емитувани во несоодветен програмски период од денонокието. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, програмите од Трета категорија, што не се препорачуваат за деца под 12 години, за кои е неопходен

надзор од родител / старател, може да се емитуваат само во периодот од 20:00 до 05:00 часот.

Исто така, во несоодветен временски период се емитуваше и играниот филм „*Бркач на мачки*", кој беше и погрешно означен како програма од Трета категорија (12+). Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, треба да се означи како програма од Четврта категорија, што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 од 05:00 часот.

16.10.2019 г.

Наслов на емисија	*Период на емитување*	
	Почеток	*Крај*
„Тајната на викендичката (Summer house)" - игран филм	05:46:05	07:11:47
„Нејзина мала работа (Her minor thing)" - игран филм	08:25:45	09:53:15
„Максимална казна (Maximum conviction)"- игран филм	10:12:45	11:46:50
„Бркач на мачки (*Cat chaser*)" - игран филм	13:15:20	14:41:20
Опис на прекршувањето Играните програми дадени во табелата беа емитувани во несоодветен временски период од денонoќието.		

8. Опис на прекршувањето:

Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членот 16 од Правилникот за заштита на малолетните лица, на телевизискиот програмски сервис на ТРД ТВ НОВА ДОО Гевгелија, на 16 октомври 2019 година, играните филмови „Тајната на викендичката", „Нејзина мала работа", „Максимална казна" и „Бркач на мачки", беа емитувани во несоодветно време од денонoќието.

9. Предлог мерка:

Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за изрекување мерка јавна опомена да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со Правилникот за заштита на малолетните лица; и

Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.